# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 09 02.09.2025, вторник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлука за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати.................................................................... 2
**2.Одлука** за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати.................................................................................. 2
**3.Решение** за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово......................................................... 2
**4.Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово............................................................................ 2
**5.Решение** за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за подмирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово............................................................................ 3
**6.Одлука** за давање согласност и овластување за подмирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово.................................. 3
**7.Решение** за објавување на Одлука за Измена и дополнување на одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово и ООУ„Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година.................................. 3
**8.Одлука** за Измена и дополнување на одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово и ООУ„Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година.................................................................. 3
**9.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година................................................. 4
**10.Заклучок** за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година..................................................................................... 4

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати, што Советот на Општина Валандово ја донесе на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година.

Бр.09-1041/2 Градоначалник
01.09.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 54/11, 142/11, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, 63/25 и 116/25), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Сл.гласник на РСМ бр.202/2024) и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат местата на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати, за време на изборната кампања, за Локалните избори 2025 година.

**Член 2**

Во Општина Валандово без надоместок можат да се истакнуваат изборни плакати на јавните огласни табли во населените места.

**Член 3**

На станбени и други приватни објекти можат да се истакнуваат изборни плакати само со претходна согласност од сопственикот на објектот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-123/2 Совет на Општина Валандово
27.08.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година.

Бр.09-1041/3 Градоначалник
01.09.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 31/20 и 16/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, по повод големиот христијански празник Успение на Пресвета Богородица, за деновите 27.08.2025 година (среда) и 28.08.2025 година (четврток), **ГО ПРОДОЛЖУВА** работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во “Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-123/3 Совет на Општина Валандово
27.08.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за подмирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис” Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност и овластување за подмирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис” Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1041/5 | Градоначалник |
| 01.09.2025 година | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 15 став 1 точка 4 и член 16 став 1, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Опшина Валандово, Советот на Општина Валандово на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност и овластување за подмирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис” Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Валандово, за подмирување на долг за испорачената електрична енергија и други поврзани трошоци и настанати обврски кој кон Доверителот ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје го има Должникот ЈП „Комунален сервис” Валандово.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да изврши подмирување на долгот со средства од буџетската сметка на Општина Валандово, во износ од 3.719,546,00 денари на 20 месечни рати.

За подетално регулирање на правата и обврските и начинот на исплата на долгот се овластува Градоначалникот на Општина Валандово со В.Д.Директорот на ЈП„Комунален сервис” Валандово и ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да склучат посебна спогодба за регулирање заемни права и обврски.

**Член 3**

По склучување на спогодбата и навремените исплати на доспеаните обврски ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, да се обврзе дека нема да пристапи кон исклучување на електричната енергија за водоснабдување на населението во Општина Валандово во наредните две години од денот на склучување на спогодбата.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-123/5 | Совет на Општина Валандово |
| 27.08.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за Измена и дополнување на одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за Измена и дополнување на одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1041/6 | Градоначалник |
| 01.09.2025 година | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ги во предвид Барањето бр.03-365/1 од 26.08.2025 година поднесено од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово заведено под бр.08-125/1 од 27.08.2025 година и бр.03-214/1 од 27.08.2025 година поднесено од ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово заведено под бр.08-124/1 од 27.08.20258 година, Советот на Општина Валандово, на педесеттата редовна седница одржана на ден 27.08.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за Измена и дополнување на одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година бр.08-88/6 од 01.07.2025 година.

Во членот 3 се додава став 2 кој гласи

„Доколку по неуспешно спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки не се избере соодветна понуда, висината на износот на превозот на ученици, учениците со попреченост и лицата за нивна придружба од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за релации за кои нема обезбедено линиски превоз, за учебната 2025/2026 година, за превезен ученик во еден правец ќе изнесува најмногу 11,50 денари за километар без пресметан ДДВ.

**Член 2**

Останатите одредби од предметната Одлука остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе биде објавена и во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-123/6 Совет на Општина Валандово
27.08.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година.

Бр.09-1041/4 Градоначалник
01.09.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ” 275/19, 83/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на педесеттата редовна седница, одржана на ден 27.08.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-353/2 од 25.08.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-123/4 Совет на Општина Валандово
27.08.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков